РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-58/4
09-06-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 70-та седница одржана на ден 09.06.2022 година ја донесе следната

## Одлука

Постапката по предметот број 12-1109/1 од 09.03.2021 година, оформен по доставена пријава за ------------------- - Државен просветен инспектор, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување од причина што не се потврдени наводите од пријавата.

Предметот со број 12-1109/1 од 09.03.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 09.03.2021 година, поднесена е пријава за ------------------------------------ - Државен просветен инспектор и оформен е предмет број 12-1109/1 од 09.03.2021 година.

Во пријавата се укажува на неправилности и злоупотреба на службената должност при изборот на психолог по објавен оглас на 18.12.2020 година во ООУ ---------------------------, а подносителот наведува дека се обратил и до Државниот просветен инспекторат и Државниот управен инспекторат. Во продолжение се укажува на сомневање за незаконско постапување од страна на инспекторот, кој според подносителот постапил нестручно, непрофесионално и некомпетентно при вршење на вонреден инспекциски надзор во врска со јавен оглас бр.04-370/2 од 18.12.2020 година за избор на психолог во ООУ ----------------------------------- и истиот неправилно го применил членот 40 став 4 од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта. Подносителот наведува дека како кандидат на огласот не се земени предвид неговите квалификации при изборот, а директорката извршила незаконски избор на кандидат по само нејзе познати критериуми. Воедно, се наведува дека посочениот инспектор е прв братучед на родителот на избраната кандидатка и наместо да се изземе тој констатирал дека нема неправилности во однос на горенаведениот член од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации до Инспекцискиот совет на РСМ и побара да изврши проверка на наводите од пријавата во однос на постапувањето на псочениот инспектор при вршењето на надзорот. По барањето на ДКСК е добиено известување од страна на Инспекцискиот совет со кое информира дека на своја редовна седница е донесен следниот заклучок: „Од севкупната анализа на актите кои произлегуваат од постапувањето од страна на државниот просветен инспектор -----------------------------, како и од наодите од спроведениот дополнителен вонреден инспекциски надзор со кој е потврдена претходно утврдената фактичка состојба, наводите од претставката/барањето не се основани и истата се смета за затворена".

Во однос на наводите од пријавата за роднинската врска помеѓу инспекторот и родителот на избраната кандидатка, ДКСК констатира дека инспекторот и избраната кандидатка не се блиски лица во смисла на член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК оцени дека наводите од пријавата не се потврдени поради што нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**